**ЕДНОСТАВНО И ПИТКО**

( „Тоби“ од Флоријан Зденек; режисер, Драгослав Тодоровиќ, г. од Белград; продукција, Театар за деца и младинци; премиера, април 2018 г.)

Режисерот Драгослав Тодоровиќ кому ова му е веќе трето гостување во Театарот за деца и младинци (инаку на оваа сцена тој ги поставил „Силјан Штркот – Шанца“ со која е означен почетокот на рабоатата на ТДМ, а потоа и „Јане Задрогаз„), овде настапува во двојна ролја и како автор на адаптацијата и како автор на постановката. И во двата ангажмана доминира единствениот принцип, а овде тоа е принципот на едноставноста. Тодоровиќ просто како да го чисти и деконтаминира сценскиот простор од се што е одвишно за бајката да ја понуди во најчист вид, а не „зашеќерена“ и со примеси на инфантилизам, кој мора да се признае е голема закана токму во претставите за деца. Значи, во оваа постановка сцената е препуштена на т.н. „чиста“ актерска игра и креација.
Инаку, ова е претставата за кучето – јазовичар, Тоби кое е незадоволно од својот изглед и кое страда поради тоа. Всушност овде станува збор за честиот проблем на децата особено во тинејџерските години... Во случајот  Тоби е незадоволен од своето долго како колбас тело, од кривите нозе, од клемпавите уши, од издолжената муцка итн.итн. Ова го фрла во депресија, разочарување и тага. Особено го погодува исмевањето од другите животни и ако не е тука неговата пријателка Флора навистина не се знае како би завршила оваа приказна. Како и да е, по престојот во зоолошката градина и запознавањето со голем број други животни, Тоби најпосле ќе сфати дека за него, како впрочем и за сите други (и животни, но и луѓе) најдобро е да остане таков каков што е. Пораката на претставата е јасна, ако не сакате да бидете смешни немојте да се китите со туѓи перја!
Во реализацијата на претставата, режисерот Тодоровиќ има одличен тим на соработници, а во прв ред го одбележуваме особено креативниот и инвентивен придонес на Ирина Сомборац, како автор на куклите, сценографијата и костимографијата, потоа авфторот на музиката, композиторот Виктор Апостоловски и видео анимацијата на Емил Петро.
Главен адут на оваа топла и трогателна приказна за деца сепак е петчлениот актерски ансамбл кој делува уигранао, сигурно и сугестивно. Марија Ѓорѓијоска во насловната ролја на јазовичарот Тоби потврдува дека е извонредно сензибилизирана  за осмислена и бравурозна анимација. Со завидна вештина таа брзо се трансформира во најразлични душевни состојби на ликот. Па нејзиниот Тоби ту е преплашен, ту паѓа во депресија, ту како дете се радува, другпат изразува сомнеж во работите па се допрашува и размислува. Секогаш со детска наивност и искреност. Во ролјата на

неговата пријателка, госпоѓата Флора настапува актерката Катерина Илиевска Силјановска. Со својата отвореност и срдечност, со широката и заразна насмевка таа е како создадена за оваа ролја на домаќинка и водител на дејството во претставата односно бајката. Не помалку се виртуозни и останатите актери во анимацијата и водењето на куклите, необични и прекрасни, Винета Дамческа Мојаноска, Ана Левајковиќ Бошков и Мики Анчевски. Тие се подеднакво успешни и во единиечните, но и во партнерските анимации, на пример, да речеме на куклите на Слонот, Тигарот, Штркот, Паунот, Зајакот, Жирафата...
„Тоби“ на театарот за деца и младинци е куклена претстава во која препознаваме исклучителна режиска едноставност во приодот, виртуозна актерска анимација и оригинални и инвентивни креации на цела галерија на кукли кои претставуваат разни животни. Сите овие елементи ја создаваат сценската магија која допира до најмладата публика и ја буди нивната фантазија и имагинација...

**ТОДОР КУЗМАНОВ**
РАДИО СКОПЈЕ
КУЛТУРЕН МОЗАИК
АПРИЛ 2018 Г.